# МОНИТОРИНГ
## ОПШТИНИТЕ И ПОДДРШКАТА ЗА КУЛТУРА

НВО Инфоцентар
SPECTAR
AKTIVO Center for Active Citizens / Центар за активни граѓани
ГИЖ Граѓанска иницијатива на жени - Свети Николе
Организација на жени од Струмица
Olof Palme International Center
Шведска Sverige

декември 2024

# Содржина


**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА** 01

**КЛУЧНИ НАОДИ** 03

**КВАЛИТАТИВЕН ПРЕСЕК ПО ОПШТИНИ** 05

ОПШТИНА КУМАНОВО 05

ОПШТИНА СТРУМИЦА 09

ОПШТИНА ВЕЛЕС 11

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ 13

ОПШТИНА ЛОЗОВО 14

ОПШТИНА БОСИЛОВО 15

# 1. Вовед и методологија

Поддршката за културата на локално ниво во Северна Македонија е регулирана преку законска рамка која ја дефинира улогата и надлежностите на општините во оваа област. Според Законот за локална самоуправа, општините имаат обврска да организираат културни манифестации, да поддржуваат и поттикнуваат различни форми на културно творештво, и да ги негуваат локалните традиции, како што се фолклорот, обичаите и старите занаети. Дополнително, општините се задолжени за управување и одржување на културни установи како домови на културата и музеи, што претставува основен дел од нивните надлежности.

Централната власт, пак, преку Министерството за култура, а во рамки на Законот за култура, обезбедува финансиска поддршка за локални културни проекти преку капитални дотации. Всушност, Законот за култура ги регулира начините на институционална и финансиска поддршка за културни установи и проекти, вклучувајќи можности општините да добиваат средства од државниот буџет преку капитални дотации за културни проекти.

За да се добие подетален увид како општините ги остваруваат обврските во сферата на културата според Законот за локална самоуправа, НВО Инфоцентарот, во соработка со партнерските организации: Спектар од Крива Паланка, Организација на жените од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе и Активо од Велес, во периодот септември - ноември 2024 година, спроведе мониторинг на шест општини - Куманово, Велес, Струмица, Свети Николе, Лозово и Босилово.





# 1. Вовед и методологија

Целта на мониторингот беше да се добие подетална слика за начинот на кој општините го планираат, организираат и финансираат културниот развој на локално ниво. Преку пристапот до информации од јавен карактер општините ни доставија податоци и информации за тоа дали имаат стратешки документи, како ги подготвуваат годишните програми, каква е организациската структура на општинските единици задолжени за култура, вклучувајќи ги бројот и распределбата на вработените во овие сектори/одделенија. Мониторингот ги разгледа и финансиските аспекти, како што се буџетите на општините за културни програми, процентуалниот удел на културните активности во вкупниот општински буџет, како и поддршката за културни институции и проекти. Преку овој мониторинг, се истражуваше и финансиската поддршка за независни уметници, културни работници и граѓански здруженија кои работат во областа на културата, како и начините на кои општините собираат повратни информации од граѓаните и другите заинтересирани страни при изготвувањето на културните програми.

Мониторингот е реализиран во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар „Улоф Палме“ од Шведска.

# 2. Клучни наоди

Ниту една од мониторираните општини нема стратешки документ за развој и поттикнување на културата и уметноста на локално ниво. Сите општини изготвуваат годишни програми за култура, за чија реализација секоја година се издвојуваат од 0.65% до најмногу 3% од општинските буџети. Општините не обезбедуваат дополнителни средства за развој на културата и уметноста од меѓународни донатори и странски програми за култура. Се потпираат исклучиво на општинскиот буџет.

Дел од општините ги консултираат граѓаните и засегнатите страни при подготовката на годишните програми за култура. Некои општини објавуваат јавен повик за доставување предлог - проекти за реализација на активности и настани од областа на културата, а како подносители можат да се јават здруженија, фондации, јавни установи и други правни лица кои имаат цели, задачи или регистрирана дејност од областа на културата или социјално - хуманитарната дејност.

Во повеќето општини нема посебен сектор за култура, а во некои нема ниту посебно одделение односно културата е во надлежност на други сектори и одделенија. Најчесто станува збор за одделенија кои покриваат и други области покрај културата, на пример, образование, социјална дејност, спорт и др.

Најмногу средства на општините се трошат за музичко-естрадни настани и манифестации. На пример, во Општина Велес, три години по ред, речиси половината од буџетот за култура се троши за манифестацијата Фестивал на питата и виното, а сумата од година во година расте. Идентично е и со манифестацијата Овчеполски гроздобер во Лозово.






# 2. Клучни наоди

Проектите поддржани и реализирани од општините, генерално, се повторуваат секоја година. На пример, Општина Лозово традиционално најмногу пари за култура издвојува за Овчеполскиот гроздобер. Во Свети Николе, како активности од културата се повторува поддршката за „Моторијада“, фестивалот „Тодорица“, Денот на шегата и др. Во Велес, тоа е Фестивалот на питата и виното, Рациновите средби, Фестивалот на античка драма и др. Општина Куманово му дава поддршка на „Мото фест Куманово“, а финансира мега концерт за Денот на ослободувањето, меѓународен тамбурашки фестивал, денови на комедијата и др. Во Струмица редовна финансиска поддршка добиваат фестивалот на афоризми и карикатура „Астерфест“, фестивалите „Под кулите на Струмица“, „Струмица Open“ и др.

Во некои општини, како Куманово, организацијата на манифестациите и фестивалите се реализира преку фондација основана од локалната самоуправа - Фондација за култура и спорт Куманово. Фондацијата е задолжена за една третина од програмските настани за култура. Фондацијата има четворица вработени, а програмите и извештаите за работа се разгледуваат и усвојуваат од советот на општината. Фондацијата се јавува на јавниот оглас за поддршка на проекти од културата.

Општините како Велес, Куманово и Лозово, не обезбедуваат средства за поддршка на независните уметници. Општина Струмица во последните три години одвојува средства за поддршка на независното творештво, додека општина Свети Николе тоа го направила во 2023 година.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Куманово

Општина Куманово одвојува помалку од 1% од годишниот општински буџет за активности во областа на културата. Во 2024 година, средствата наменети за култура изнесуваат 0,76%, во 2023 година биле издвоени 0,61%, а во 2022 година - 0,65%.

Библиотеката „Тане Георгиевски“ е единствена институција од областа на културата, која е во надлежност на општината. Таму бројот на вработени се намалува, а буџетот флуктуира. Во 2022 година биле вработени 18 лица, во 2023 - 17, а во 2024 година - 16. Буџетот за програмски активности на оваа институција изнесува 625 илјади денари, од блок дотации и 891 илјада денари за сопствената сметка. Во 2023 година блок-дотациите се намалиле за 37% (392 илјади денари), но се зголемиле средствата за сопствената сметка, за речиси 13% (1.022 500 денари). Во 2024 година, пак, намалени се, и блок-дотациите (335.500 денари) и средствата за сопствената сметка.

Организацијата на општинските манифестации главно се одвива преку Фондацијата за култура и спорт Куманово, која е посебно правно лице и која е задолжена за речиси една третина од програмските културни настани. Според регистарот на отворени финансии, општината во 2022 година ѝ префрлила на фондацијата околу 7 милиони денари, а во 2023 година над 8 милиони денари. Средствата за 2024 година, заклучно со 14 септември, изнесуваат околу 4,7 милиони денари. Само за културни манифестации, во последните две години, општината за фондацијата одвојува по 3.100.000 денари преку делегирана надлежност. Фондацијата има четири вработени лица, а програмите и извештаите за работа се разгледуваат и усвојуваат од советот на општината. Фондацијата се пријавува на јавниот оглас за поддршка на проекти од областа на културата.





# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Куманово

Најмногу средства од општината се трошат за музичко-естрадни настани и манифестации (65% од вкупниот буџет за култура), како и за одбележување на Денот на ослободувањето на градот „11 Ноември“. Околу 7% од вкупниот буџет за култура се издвојуваат за изнајмување техничка опрема (озвучување, осветлување, бини и др.). Во програмата за културни манифестации за 2024 година предвидени се 20 милиони денари, што е зголемување за близу 43% во однос на претходните две години. Преку делегирана надлежност за спроведување повеќе културни активности, околу 15 до 20% од средствата одат за Фондацијата за култура и спорт, меѓу нив, и оние со најголем буџет.

Околу 10% од вкупниот буџет за култура се трошат за мега-концертот што традиционално се организира по повод „11 Ноември“, Денот на ослободувањето на Куманово, на кој настапуваат музички звезди. Годинава за овој настан предвидени се 2 милиони денари, што е двојно повеќе во споредба со 2023 и 2022 година. Во 2024 година, програмата предвидува еден милион денари и за свечена седница (40% повеќе од лани). Во 2023 година, исто толку средства се одвоени за изнајмување бина, озвучување и осветлување, додека во 2024 година буџетот за оваа ставка е зголемен за 30%. Средства се издвојуваат и за огномет (од 120.000 до 150.000 денари), додека за ноемвриски награди се издвојува 120.000 денари во 2023 година односно 100.000 денари во 2024 година.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Куманово

Една од најскапите манифестации е традиционалниот „Мото Фест Куманово“ кој го организира Фондацијата за култура и спорт, а кој годишно чини 800 илјади денари. Со буџетот за 2024 година планирани се и 2,5 милиони денари за други поголеми музички манифестации: Хип хоп фестивал Тумсток, Фестивал „Art Attack“, Рома Труба фест, Меѓународниот тамбурашки фестивал, Фестивалот на шегобијна песна „Тумба Фест“, Фестивал на епска песна Kenga Epike и Гитаријада - Куманово. Речиси сите овие манифестации имаат зголемен буџет во однос на 2023 година, некои и до 50%. За Новогодишната програма во пресрет на 2025 година, ќе се потрошат 1.124. 000 денари.

Културните настани за децата и младите, во 2024 година, чинат 1.440.000 денари, а за одбележување настани и датуми поврзани со различни етнички групи се издвојуваат 570 илјади денари. Најмногу средства се одвојуваат за настани на српската заедница. За националниот празник на Србите „Свети Сава“ годинава се наменети двојно повеќе средства од лани, или вкупно 120 илјади денари, за Деновите на српската култура - 150 илјади денари, додека за Денот на Ромите - 50 илјади денари, за Неделата на албанска култура - 30 илјади денари, исто како и за Денот на македонската азбуката. За Денот на Власите наменети се 20 илјади денари.

Средства, но во помал износ, се издвојуваат и за театарски, фолклорни, книжевни и алтернативни манифестации, како и за настани за модерен танц и др. Секоја година се даваат и по 50 илјади денари за фолклорните друштва кои ја негуваат традицијата на етничките групи во Куманово. Најмалку пари има за одбележување историски настани. Во буџетот редовно се предвидуваат и средства за промоција на проекти и поддршка на локални уметници (од 150 илјади денари до 300 илјади денари). Според информациите од општината, во изминатите три години не е обезедена финансиска поддршка за независни уметници и културни работници.






# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.1 Општина Куманово

Општина Куманово при изготвување на програмите за културни манифестации објавува јавен повик за собирање предлог - проекти за организирање културни манифестации, а како подносители можат да се јават јавни установи, здруженија, фондации и други правни лица кои имаат цели, задачи или регистрирана дејност од областа на културата или социјално - хуманитарната дејност.

Од година в година се повеќе расте интересот на организациите и институциите да се пријавуваат на јавниот оглас за проекти од областа на културата. Истовремено се зголемува и финансиската поддршка од општината. Во 2022 година биле издвоени 7.030.000 денари за организирање 39 културни настани и манифестации. Во 2023 година биле издвоени 9.1 милиони денари за 109 културни настани. Во 2024 година, пак, биле поднесени вкупно 151 предлог - проекти од кои одобрени биле 115 и за кои општината потпишала 47 договори.

Во последните три години општината нема обезбедено финансиски средства од меѓународни донатори и ЕУ фондови. Спроведувањето на програмите за култура го раководи Одделението за култура и спорт при Секторот за култура, спорт, социјална заштита, заштита на деца и здравствена заштита. Во одделението се ангажирани пет лица од кои тројца мажи и две жени. Општината нема стратешки документ за развој на културата.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.2 Општина Струмица

Општина Струмица нема стратегија за култура. Последниот стратешки документ со кој се утврдени визијата, целите, мерките и активностите за развојот на културата го опфаќа периодот од 2017 до 2022 година.

Во Општината не постои сектор и/или одделение за култура. Активностите од оваа област се реализираат во рамки на Секторот за јавни дејности, односно во Одделението за јавни дејности, во коешто има две вработени лица – советник за култура и спорт (жена) и помлад соработник за култура и спорт (маж).

Во 2022 и 2023 година, за програмските активности на двете локални установи кои се под надлежност на општината – Библиотека „Благој Јанков Мучето“ и Дом за деца и млади „Благој Мучето“, не биле предвидени буџетски средства. За тековната 2024 година, буџетот за библиотеката изнесува 150 илјади денари, а за Домот за деца и млади, 250 илјади денари. Во овие две институции вработени се 20 лица, од кои 16 во библиотеката.

Во последните три години (2022 – 2024) за развојот на културата, во просек се издвојувуваат 3% од општинскиот буџет.

Од извештаите за 2022 и 2023 година, може да се види дека реализацијата на капиталните проекти предвидени со програмата изнесува 62%. Највисок процент на реализација бележи програмата за музичко-кинотечна дејност - над 99%, а потоа програмата за културни манифестации и творештво (87%). Во 2023 година реализацијата на капиталните инвестиции во рамки на програмата за развој на културата се зголемува на 97,5%.

Општина Струмица поддржува реализација на различни културни настани, на пример, фестивалот „Под кулите на Струмица“, фестивалот на камерна музика, „Струмица Опен“, „Get Exited“, фестивалот на афоризми и карикатура, „Астерфест“, како и концерти (на пијанистката Даница Стојанова, на Јелена Томашевиќ, поетски настани, издавање списанија, настан за источно црковно пеење) и др.



# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.2 Општина Струмица

Единствениот механизам на граѓански консултации кој го спроведува Општината за развој на програмата за култура е буџетскиот форум, кој се организира секоја година во фаза на креирање на годишниот општински буџет.

За периодот 2022 – 2024 Општина Струмица нема обезбедено средства за развој на културата од меѓународни донатори и фондови на Европската Унија.

Финансиската поддршка за граѓански организации за реализација на проекти од областа на културата се обезбедуваат од општинскиот буџет преку распишување јавен повик за доставување предлог-проекти. Побарани се информации за извештаи за организирање и реализација на културни манифестации и настани од здруженијата кои имаат добиено финансиска поддршка за ваков вид активности. Одговорот од општината е дека, и покрај тоа што меѓусебните права и обврски се регулирани со договори, во кои е пропишано задолжителното доставување извештаи, повеќето од здруженијата не ја исполнуваат оваа обврска. Заради ова, Општината размислува во иднина, еден од условите за доделување финансиска поддршка, да биде и доставен извештај за реализација на претходно добиените проекти.

Вкупниот износ на финансиска поддршка за независни уметници и културни работници за периодот 2022 - 2023 година, изнесува 815.222 денари и бележи тренд на зголемување. За 33% е поголема поддршката на мажите уметници во однос на жените уметници.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.3 Општина Велес

Општина Велес нема стратегија за култура, ниту акциски план. Активностите ги спроведува според годишна програма за култура и меѓународна соработка.

Во програмата се поддржуваат манифестации, проекти, инвестиции, локални установи, комуникација со јавноста и меѓународна соработка и др. Во Општината не постои одделение за култура. Има само еден вработен за оваа дејност во Одделението за јавни дејности, на позиција помлад соработник за подготовка на документи од областа на културата и спортот.

Буџетот за култура расте, како што се зголемува и буџетот на општината, така што во 2021 година бил 0,7%, во 2022 година 0,9%, до-дека во 2023 година е 1 % од вкупниот општински буџет. Под надлежност на Општина Велес се две локални установи: Народниот музеј и библиотеката „Гоце Делчев“.

Општината ја поддржува организацијата и реализацијата на традиционалните Рационови средби, Детските рацинови средби, фестивалот на античка драма Стоби, Интернационалниот фолклорен фестивал, Меѓународната склупторска колонија.

Во 2022 година, во категоријата манифестации, со најголема сума се издвојува возобновениот Фестивал на пита и вино - 2,5 милиони денари. Во 2023 за овој фестивал се издвојуваат 3,5 милиони денари, додека во 2024 година се издвојуваат 5 милиони денари. Во изминатите три години речиси половина од вкупниот буџет во оваа категорија е потрошен на Фестивалот на пита и вино.

Во периодот 2022 - 2024година, две нови културни манифестации добиваат финансии, кои постојано се зголемуваат.Фестивалот на комедија „Насмеј се!“, подоцна преименуван во „5ре%, за 2022 година добил 750 илјади денари, а во 2023 и 2024 по 800 илјади денари.





# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.3 Општина Велес

Фестивалот за џез, ворлд и современа музика, за 2022 година добил 300 илјади, за 2023 година - 400 илјади, додека за 2024 година добил 500 илјади денари.

За организација на мотособир и којнички средби се издвојуваат по 300 илјади денари. За новогодишна свеченост, новогодишен хепенинг и Велешко лето со издвојуваат  по 600 илјади денари. Превидена е и ставка од 200 илјади денари за непредвидени манифестации, и за поддршка на проекти за негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците во висина од 200 илјади денари.

Општината ги консултира граѓаните преку јавни расправи. Програмите се донесуваат во две фази: нацрт и предлог програми. И за двете фази се одржуваат јавни расправи.

Културните настани во Општина Велес не се организираат со средства од меѓународни донатори и ЕУ Фондови.

Општината издвојува средства за здруженија од областа на културата, кои се распределуваат врз основа на доставени барања. Доколку сумата за поддршка е над 50 илјади денари, предлог-одлука донесува комисија во која членуваат претставници од општинската администрација. Општина Велес не достави извештаи за предвидени и реализирани активности на здруженијата од областа на културата, за 2022 и 2023. Општината не достави ниту информации за финансиската поддршка за независни уметници и културни работници.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3. 4 Општина Свети Николе

Општина Свети Николе нема стратегија за култура и акциски план, а има донесено програми за култура за 2022, 2023 и 2024 година

Во општината постои Сектор за нормативно-правни работи, поддршка на градоначалникот, во рамки на кој постои Одделение за образование, спорт, култура, ЛЕР, социјална заштита и детска заштита. Институции од културата кои се под надлежност на општината се: Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“ и „Народен Музеј“. Во Домот на културата се вработени 10 лица, а во Народниот музеј - 7.

За културата, општината во 2022 година издвоила 1,16% од вкупниот општински буџет, за 2023 година издвоила 2,46%, а за 2024 година – 2,08%. Во Програмата за култура во 2022 година предвидени биле новогодишна програма, шоу за деца „Ѕвездички“, фестивал на изворен фолклор „Тодорица“, ден на општината „14 Септември“, културен настан „Моторијада’ и др. За 2023 година покрај овие активности предвидени биле, и хип-хоп настан и Бела ноќ. За 2024 година, пак, предвидени се исти или слични културни настани.

При изготвување на програмата за култура, општината не се консултира со граѓаните, ниту пак, собира предлози од граѓанскиот сектор и културните работници. Општината нема обезбедено средства за културата преку меѓународни донатори, ниту преку ЕУ фондови. Општината обезбедува финансиска поддршка за граѓански здруженија за реализација на проекти од областа на културата. Во 2022 и 2023 година нема предвиден паричен износ за независни уметници, додека за 2024 година предвидени се 18 илјади денари.





# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.5 Општина Лозово

Општина Лозово нема стратегија за култура и акциски план, но има програми од области на културата за 2022, 2023 и 2024 година. Општината нема посебно одделение/сектор од областа на културата. Во општината нема институции од културата кои се во нејзина надлежност.

Општина Лозово, од година во година постепено ја зголемува сумата наменета за активности во областа на културата. Во 2022 година биле издвоени 595 илјади денари, во 2023 година – 1.220.000, а во 2024 – 1.320.000 денари.

За активностите предвидени во програмата за култура за 2022 година, од предвидени 595 илјади денари, реализирани биле само 288 илјади денари (48%). Парите биле искористени за одбележување на празници во сите села во општината, за поддршка на изградбата на верски објекти, за настанот „Пеливани“, за одбележување на денот на општината, за новогодишна лотарија и др. Во 2023 година искористени се 92% од буџетот наменет за култура, меѓу другото и за нови активности од областа на културата - манифестацијата „Овчеполски гроздобер“, поддршка за фолклорен ансамбл, за одбележување верски празници во сите села во општината и др. За 2024 година, општина Лозово издвојува најмногу средства за манифестацијата „Овчеполски гроздобер“ – речиси половина од вкупниот буџет наменет за култура.

При изготвување на програмата за култура, општината преку средби и состаноци се консултира со граѓаните, и собира предлози од граѓанскиот сектор и културните работници. Општина Лозово нема добиено средства за културата преку меѓународни донатори, ниту преку ЕУ фондови. Општината При изготвување на програмата за култура, Во 2022 и 2023 година за фолклорниот ансамбл „Кочо Рацин“ биле обезбедени по 150 илјади денари. Општината, во последните три години, нема издвоено средства за поддршка на независни уметници и културни работници.

# 3. Квалитативен пресек по општини

## 3.6 Општина Босилово

Општина Босилово нема стратегија за култура, ниту посебно одделение и/или сектор за култура.

Во последните три години (2022 – 2024) за развојот на културата, преку програмата за културни манифестации и творештво, од општинскиот буџет издвоени се вкупно речиси 3 милиони денари. Во 2022 година, за култура биле издвоени 748.000 денари (1,35% од вкупниот општински буџет), во 2023 година – 992.315 (1,43%) и во 2024 година – 1.200.000 денари (1,49%).

Според добиените информации, средствата за култура главно се наменети за поддршка на културно – уметнички друштва кои ја преставуваат општината, во и надвор од државата. Одлука за висината на финансиските средства за поддршка на здруженијата носи Советот на Општина Босилово, врз основа на претходно доставена програма за планирани активности. Поддржаните здруженија и културно – уметнички друштва доставуваат извештаи за потрошените финансиски средства и реа-=-лизираните активности.

За периодот 2022 – 2024, општината нема обезбедено средства за развој на културата од меѓународни донатори и фондови на Европската Унија.

